# Училишен ГЛАС

ОУ „Никола Карев“ Кочани

**Бесплатен примерок** *година* **X**, *број* **10** *април* **2019**

## - Од историјата на училиштето
## - 10 години училишен весник
## - Наградени ученици во Италија
## - Ученички резултати за почит



***Почитувани,***

*Пред Вас како читатели се наоѓа најновиот број на весникот Училишен глас , кој годинава излегува по десетти пат. За нас кои го создаваме весникот тој претставува слика на нашите постигања меѓу две празнувања, на што сме посебно горди.*

*Весникот и содржините во него се јасна слика за нашето постоење,за нашата работа во текот на годината, но и за нашите заложби и постигања во редовната настава и воспитно-образовниот процес, како и во натпреварите по одделни предмети и секако слободните ученички активности.*

*Овде посебно сакам да ги истакнам, постигањата на нашите ученици и предметни*



*наставници кои како претставници на нашето училиште учествуваа на општински, регионални и републички натпревари. И годинава ја продолжуваме традицијата на меѓународно претставување на училиштето, со учество на бројни литературни натпревари во Италија, Србија ...*

*Весникот континуирано излегува десет години и тој е продолжување на традицијата на училишниот весник Пионерски глас кој се појави како првенче на 12 март во далечната 1960 година.*

*Одбележувајки го празникот на училиштето се сеќаваме на ликот и делото на Никола Карев, како и на годините минати во кои се вткаени знаењата, постигањата и резултатите на бројни генерации ученици, наставници, раководители и друг помошен персонал.*

*Ние како училиште опстојуваме ,а така ќе продолжиме и во наредните години кои претстојат пред нас.*

*Со почит,*
***Директор***
***Биљана Петрова***

**Издавач:**
ОУ„Никоила Карев„-Кочани
**За издавачот:**
Биљана Петрова, директор
**Уредува редакциски одбор во состав:**
Биљана Петрова, Јасна Горгиева, Гордана Јефтимова, Ката Синадиновска, Билјана Пулковска, Верица Ѓоргова, Сашко Стефановски и Киро Герасимов.
**Печати:** Европа 92 Кочани
**Тираж:** 100

## ПРОГРАМА

<u>24.04.2019 год. (среда) 19:00 часот</u>
- СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА
НУ Центар за култура „Бели Мугри„ -Кочани

<u>25.04.2019 год. (четврток)</u>
- 09:00 Спортски активности (спортска сала);
- 10:00 Полагање на свежо цвеќе на споменикот на Никола Карев во градскиот парк;
- 11:00 Полагање на свежо цвеќе на споменикот на Никола Карев во с.Тркање;
- 12:00 Полагање на свежо цвеќе на споменикот на Никола Карев во месноста Свиланово,с.Рајчани.

# ВЕСНИК „УЧИЛИШЕН ГЛАС"

Изминаа десет години од појавувањето на првиот број на весникот „Училишен глас“ на 27 април 2010 година Идејата беше преточена во стварност. На училиштето му требаше еден ваков весник, гласило преку кое на пошироката јавност ке и бидат презентирани резултатите и постигањата на учиулиштето во една календарска година.

Пионерскиот зафат на тогашниот директор Владо Андов, беше реализиран во целост. Поголем број скептици не веруваа дека весникот ке излезе, но благодарение на ентузијазмот на директорот , педагошко-психолошката служба како и разбирањето и подршката на поедини настаници, весникот се појави пред читателите.

И така почнавме, со претставување на училиштето низ изминатите години, со преставување на настаници, директори, со прикажување на резултатите во слободните ученички активности, па се до претставувањето на неколку генерации ученици кои учеле во училиштето во изминатите години.

Весникопт беше информатор и за почетокот на изградбата на спортската сала во дворот на училиштето, за традицијата со која година да се посетува месноста Свиланово и гробот на Никола Карев, кој херојски загинува со својата чета во 1905 година. Во весникот ја одбележавме и 40 годишнината на педагошко-психолошката служба во училиштето, предавањето во употреба на новата спортстка сала, информиравме за проектните активности на УСАИД, за новините во наставниот процес, за поставувањето на новата фасада на училиштето, реновирањето на прозорците и санитарните јазли, како и за отварањето на вториот влез во самото училиште, како неминовна потреба на учениците и наставниците..










Во весникот ја регистриравме и соработката со училиштата од село Форино, Гостиварско и Цетиње во Црна Гора, за проектот: меѓуетничка интеграција во образованието, за првиот успех на фестивалот на поезијата во Трст, Италија, како и за освоените награди и признанија на учениците на натпревари во државата и секако постигањата во областа на спортските ученички активности.

На страниците на весникот се најдоа и литературни творби на ученици од училиштето, освојувачи на награди на бројни фестивали на поезија, како и портрети на заслужни ученици, наставници кои заминале во пензија, но и претставување на ликовните педагози.

Излегувањето и опстојувањето на весникот „Училишен глас“ во изминатите десет години го подржаа и директорот Благојчо Стојановски и сегашниот директор Биљана Петрова. Уредувачкиопт одбор на весник искрено им благодари на разбирањето и подршката а на наставниците и учениците им посакува бројни награди и признанија. Нека се множат многу броеви на овој весник.


















# ОД ИСТОРИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО



Основнот училиште „Моша Пијаде“ (сегашно „Никола Карев“) летописот на својата историја започнува да го пишува од 1957 година, кога на предлогот на тогашниот Општински одбор на Општина Кочани на посебни седници на Народниот одбор и собирот на производителите донел решение на 27.9.1957 година за основање второ основно училиште во градот, осмолетка„ Моша Пијаде“, со основна дејност воспитание и образование на ученици од 7 до 15 години.

Обврска училиштето добилоо да формира и паралелки за предучилишно и основно образование и воспитание во градот. Пред формирањето, кон ова училиште биле приклучени и две Подрачни училишта од селата Грдовци и Бели.

Според хронологијата на настаните и случувањата во училиштето за прв директор бил поставен Ристо Јорданов Данилов од Кочани, афирмиран просветен работник кој ги извршил и сите подготовки за успешно и навремено започнување на наставата.

Наставата започнала на 1 септември 1957 година. Во училиштето тогаш биле запишани 618 ученици од кои 369 ја посетувале наставата од прво до четврто и 249 ученика од петто до осмо одделение, распоредени во 21 паралелка и забавишна група со 28 ученика.

На почетокот наставата во училиштето ја изведувале 25 наставника сите со завршено соодветно образование, мегу кои се наоѓале и наставници од првата генерација учители во Училиштата на Пиринска Македонија.

Нова страница од историјата училиштето запишува во 1983 година кога беше предадена во употреба новата зграда на сегашноto училиште „Кирил и Методиј“.

По препорака на Извршниот совет на Општина Кочанни, тогашниот ОСИЗ за основно образование и воспитание од овој град донесе одлука за формирање на ново посебно училиште од постојаното „Моша Пијаде“ на две училишта. Одлуката беше прифатена и реализирана.

Во учебната 1972/73 година по поделбата наставата во училиштето „Моша Пијаде“ ја следат 1271 ученик од прво до осмо одделение и 130 деца во забавишните групи со вкупен број на вработени 56-мина. Со текот на времето кон ова училиште се припоени и училиштата од селата Полаки, Небојани и Главовица.

Подоцна училиштето во учебната 1993/94 година го доби името на револуционерот од илинденскиот период Никола Карев, кој во нерамна борба со турскиот аскер херојски загина со својата чета кај месноста Свиланово близу селото Рајчани –Кочанско.

Во учебната 2018/2019 година во ОЛУМ ,,Никола Карев" учат 530 ученика од прво до деветто одделение со Подрачните единици во Тркање и Грдовци. Наставата ја изведуваат 50 наставници, и 11 технички персонал.



# ДИРЕКТОРИ НА УЧИЛИШТЕТО



Ристо Данилов



Ѓорги Костов



Мите Штерјов



Владо Андов



Соња Јовиќ Матеничарска



Благојчо Стојановски



Веселинка Ампова



Биљана Петрова

# ООУ„НИКОЛА КАРЕВ“ –КОЧАНИ: ВИЗИЈА И МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**Визија: Училиштето ќе биде работилница во која ќе се создава моделот на утрешниот граѓанин.**
**Мисија: ГОРДИ НА МИНАТОТО, СВРТЕНИ КОН ИДНИНАТА.**













**Голубинка Георгиевска** – советник во БРО – во пензија

ОУ „Моша Пијаде" – сегашно „Никола Карев" – Кочани ни е училиште фаворит во формирањето и почетокот со работа на стручните служби во основните училишта во Р.Македонија.

Првата стручна служба –(педагошко – психолошка) во Р.Македонија е формирана во ОУ „Јосип Броз Тито"- нас.Влае – Скопје 1969год. и службата е застапена од уч.педагог.

Во 1973 год. во првите пет стручни служби (уч.педагози) во Р.Македонија се формира и служба во ОУ „Моша Пијаде"- Кочани. Училиштето се најдер во ситуација да постави многу дилеми и проблеми во врска со статусот, функцијата и корисноста на овој профил на кадар. Наставниците на почетокот давaа отпори немаа позитивни ставови кон потребата од соработката со уч. педагог. Но подршката од родителите на учениците и правилната и квалитетна концепција за работа на уч. педагог од страна на директорот помогна да се определат главните приоритети во работата и да се нагласат придобивките од делувањето на стручната служба во училиштето.

Се дадоа стручни димензии на работата на уч.педагог со наставниците, родителите и субјекти и институции кои се во тесна зависност со работата во училиштето. Особено квалитетно се поставија подрачјата и целите на соработката на уч.педагог со директорот во училиштето. Оваа истовремено го отвори и патот за интензивно вработување на педагози и формирање на стручните служби во ОУ „Раде Кратовче" и ЕМУЦ„ Гошо Викентиев" – Кочани.



**Марјонка Ефремова** – педагог во пензија

Желбата и сонот на еден млад невработен човек да го работи она што го сака ми се исполни на 8 Март 1979 год.кога добив неочекуван повик од директорот на училиштето „Моша Пиијаде" а сегашно „Никола Карев", Ѓорги Костов да започнам со работа како оделенски наставник во I-9 одд.



Од првата средба со учениците започнав да го градам дијалогот на доверба со нив, довербата и контактите со нивните родители и нивните идеи и раазмислувања, бидејќи нивните прашања и проблеми за и со децата во мене отвара нови хоризонти за работа кои представуваа предизвик кон постигнување на подобри резултати во наставниот процес, зошто секогаш на јасно дека децата не треба со сила да учат, но дека е потребно да работиме со нив на таков начин со кој ќе им помагаме и насочуваме да учат.

Поминав четири незаборавни училишни години со моите ученици. Успехот нивен беше и мој успех, како и што задоволството на нивните родители беше и мое. Образував и воспитував една генерација на луѓе кои денес се почитувани и признати граѓани во Општината и надвор од неа.

Но , ќе бидам неблагодарна и неправедна ако не истакнам дека тогаш многу ми помогнаа колегите наставници кон кои секогаш имав голема почит и успеав да воспоставам човечки и професионален однос , од тогашните колеги го црпев искуството од текот на нивната работа зошто секогаш се водев од мислата дека знаењето од минатот представува мост кон иднината.

# ПЕДАГОШКО ПСИХОЛОШКА СТРАНИЦА

**Во основата на својата работа педагошко психолошката служба се води од идејата: „Што значи да се биде добар ученик?“**







Нашето искуство покажува дека да се биде добар ученик значи да се биде дете ( момче-девојче), кое со задоволство го посетува училиштето се со една единствена цел да се здобие со знаења кои ќе ги примени во понатамошниот живот. Токму ова е водилка во нашата секојдневна работа во соработка со учениците, родителите, наставниците и другите институции и организации.

Континуирано се организираат работилници со учениците на кои се разговара на  теми зависно  потребите и интересите на учениците: пороци на денешницата, како подобро да учиме, карактеристики на пубертетската возраст, семејната атмосфера. . .







# НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ВО ТРСТ, ИТАЛИЈА

Шест ученици од 6 одд. ( Илина Донева, Емилија Станојкова, Ивана Петрова, Тамара Јорданова, Јована Наумова и Антонио Лефков) од ОУ,,Никола Карев" од Кочани под менторство на наставничката Сања Атанасовска, на 15. Меѓународниот фестивал на поезија и литература ,,Замокот на Дуино" кој се одржа во Трст, Р. Италија освоија специјална награда во категоријата најуспешни училишни проекти.

Учениците изработија проект- збирка песни на македонски и англиски јазик на тема: „Јас имам сон". Истата беше оценета од меѓународна жири – комисија составена од универзитетски професори од повеќе европски држави. За проектот на овој реномиран поетски фестивал добија пехар и почесно признание.

На манифестацијата учествуваа ученици од повеќе држави , а шестоодделенците од ОУ ,,Никола Карев" беа единствени претставници од нашата држава.

Голема благодарност до градоначалникот г-дин Николчо Илијев, до Општина Кочани, како и до компаниите „Антура " од Кочани, „Виа –Доо" од Вевчани , „Макаус- Доел" од Скопје и до конфекцијата „Дани-Текст" од Кочани кои го овозможија присуството на учениците на овој значаен поетски настан.







# ОД АКТИВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Освоена прва награда за најдобра изработка од реупотребувано отпадно ПЕТ пакување од страна на здружение за екологија и заштита на животна средина ЕКО ТИМ ИСТОК, ментор Верче Петрова.





## АПРИЛИЈАДА 2019 ГОДИНА














## НОВОГОДИШНА ЗАБАВА



# ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ПО НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ

## Натпревар по Хемија

По постигнатите одлични резултати на општинскиот натпревар по хемија, со освоени втори и трети награди, учениците земаа учество на регионален натпревар: Ана Танасковиќ, Сања Митева, Дејан Иванов, Бојана Борисова, Ива Прошева, Викторија Постолова, Матеј Арсов, Јована Андова, Андреј Басовски, Виолета Грчева.

Ментор: Весна Богданова Василева








## Натпревари по Математика

На општинските натпревари учествуваа 19 ученика од 4 – 9 одделение кои постигнаа одлични резултати и сите се пласираа на регионалниот натпревар: Андреј Костадинов, Илија Димов, Филип Илијев, Илија Манев, Андреа Димитрова, Ана Манасиева, Ева Јованова, Ненад Ефтимов, Уна Гранков, Филип ,Крстов, Емилија Станојкова, Ивана Серафимова, Јована Блажева, Иван Донев, Сара Илијева, Сандра Костадинова, Јована Андова, Андреј Басовски, Виолета Грчева.

На регионалниот натпревар по математика учениците ги постигнаа следните резултати: Уна Гранков и Филип Крстов-2 место, Андреј Костадинов , Илија Димов, Андреа Димитрова , Ана Манасиева, Ненад Ефтимов , Ивана Серафимова и Андреј Басовски -3 место, Филип Илијев, Илија Манев и Јована Андова –пофалници.

Ментори: Сашка Ефтимова, Благој Гранков, Вера Шекеровска, Ванчо Минов, Лилјана Јорданова, Валерија Јакимова, Марина Христова.



## Натпревар по природни науки

На општинскиот натпревар по природни науки учествуваа 18 ученика од 4 -6 одделение:

Ивана Петрова, Тамара Јорданова, Виктор Стојанов,Уна Гранков, Матеј Димитров,Филип Крстов, Виктор Попов,Емилија Станојкова, Ана Манасиева, Андреа Димитрова, Јована Грчева, Георги Додоров, Матеј Стојанов,Ненад Ефтимов, Стефан Василев, Ана Станојева, Филип Илиев, Максим Арсов. Постигнати резултати на регионалниот натпревар: Георги Тодоров – 1 место, Тамара Јорданова, Андреа Димитрова – 2 место, Уна Гранков, Виктор Попов, Емилија Станојкова и Максим Арсов – 3 место, Ана Манасиева, Матеј Стојанов Матеј Димитров,Ненад Ефтимов и Ивана Петрова – пофалници.

По постигнатите одлични резултати на регионалниот натпревар со право на учество на Државен натпревар се здобија учениците: Тамара Јорданова, Георги Тодоров и Андреа Димитрова.

Ментори: Весна Богданова Василева, Иванка Манова, Ирена Крстова Пурцова, Валерија Јакимова, Марина Христова.

## Натпревар по Биологија

На општинскиот натпревар по Биологија учествуваа 15 ученика од 7- 9 одделение: Мишел Христова, Ивана Серафимова, Ангела Паунова, Сара Илијева, Ели Илиева, Тамара Трифунова, Благица Живкова, Голубина Горгиева, Ана Танасковиќ, Матеј Арсов, Викторија Постолова, Андреј Басовски, Виолета Грчева, Мартина Пулковска, Натали Веселиновска.



На регионалниот натпревар учениците ги постигнаа следните резултати: Ивана Серафимова 2 место, Сара Илиева, Тамара Трифунова, Андреј Басовски и Матеј Арсов - 3 место, Анѓела Паунова, Викторија Постолова, Натали Веселиновска и Виолета Грчева – пофалници.

Ментори: Весна Данева Лазарева и Иванка Манова

# ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ПО НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ



## Натпревар по Македонски јазик

На Регионалниот натпревар по македонски јазик ученичката Мартина Пулковска од 9 одделение го освои првото место и успеа да се пласира на Државниот натпревар под менторство на наставничката Гордана Јефтимова.

## Натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ



На Општински натпревар по англиски јазик учениците Јована Блажева 1 место и Бранко Дончев 2 место , продолжија на регионален натпревар каде го освоија третото место и со тоа се пласираа на Државен натпревар под менторство на наставничката Теодора Христова. На општинскиот натпревар зедоа учество и учениците: Виктор Попов и Јована Андова под менторство на Натпревар по природни науки наставниците Јулијана Стоилкова и Марија Дончева.





## Натпревар по Германски јазик

Ученици од шесто, седмо и осмо одд. кои учествуваа на регионалниот натпревар по германски јазик: Голубина Горгиева, Ивана Петрова, Тамара Постолова, Емилија Станојкова, Андреа Минова, Јована Блажева, Ивана Серафимова,Иван Донев.

Учениците Ивана Петрова, Андреа Минова и Јована Блажева по постигнатите одлични резултати на регионалниот натпревар, продолжуваат на државен натпревар под менторство на наставниците Марија Димитрова и Сашо Данилов.



## Натпревар по географија

На регионалниот натпревар по географија учествуваа Милана Иванова и Михаела Трајчева ученички од 6 одд, под менторство на наставникот Сашко Стефановски.



## РОБОТИКА

На 23.02.2019 год. во просториите на УГД,, Гоце Делчев,, - Штип се одржа државен натпревар по Роботика Frst lego liga. На натпреварот учествуваше и екипа од нашето училиште: Никола Христов, Ана Јорданова, Иван Ристиќ, Бранко Дончев, Симона Василева, Сандра Костадинова, Никола Горгиев, Андреа Минова. Екипата Робо леџенс покажа добри резултати и се пласира во првите пет екипи. За постигнатиот резултат се закитија со медали и сертификат за учество .

Ментори:Сузана Анева – наставник по Т.О, Јасна Горгиева-наставник по информатика









## УЧИЛИШЕН ХОР И МАНДОЛИНСКИ ОРКЕСТАР НА УЧИЛИШТЕТО





**Наставник – ментор: Кирчо Крстев**

## ГЕОГРАФИ - МОДЕЛАРИ

Со почетокот на второто полугодие започнаа и новите предизвици на часовите по географија. Учениците од шестите одделенија во ОУ „Никола Карев" - Кочани имаа можност да учествуваат на натпреварот за изработка на макета на вулкан. Можеа да се видат многу интересни креации. Неои беа изработени од глина, други од стиропор, трети од пластелин, а имаше и од хартија. Од вкупно 40 макети, во финале влегоа 12 деца од кои стручната комисија ги одбра и трите најуспешни.

Целата сторија може да се види на линкот:






# ОД АКТИВНОСТИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО















Реализирање на мултикултурна работилница во рамки на проектот ,,Градење на посилно граганско општество за унапредување на напорите за образовна инклузија на ромите,, во соработка со невладината организација ,,Авена,,





Во рамки на проектот за ,,Ран детски развој,, во ПУ во с.Тркање, комплетно е реновирана една училница и истата е опремена со училишен мебел (шкафчиња, полици, маси и столчиња) и нагледни средства . Носители на проектот се општина Кочани во партнерство со УНИЦЕФ.




Во тек е реновирање на училишните санитарни јазли на сите три ката, средствата се добиени од Општина Кочани како блок дотации..





# РЕЗУЛТАТИ ОД АКТИВНОСТИТЕ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Постигнати резултати на учениците во периодот од април 2018 до април 2019 година

На Поетската манифестација „Пролет на сребрените соништа“ организирана од Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија која се одржа на 27.04.2018 година во Радовиш, ученичката Ангела Паунова доби награда за нејзината песна „Детство“. На 8. Меѓународен фестивал на поезијата „Машта и снови“ во организација на Центарот за култура „Сирмиумарт“ кој се одржа во мај, 2018 година ученичките Леа Апостолова и Наталија Карова од 6 одд. добија пофалници за своите поетски творби. На 10. Меѓународен фестивал „Марковденски средби на деца и поети“ одржан од 11.05.2018 до 13.05.2018 година во Панонија, беа освоени следниве награди: Ангела Паунова од 6 одд. специјална награда во категоријата: Стихување;Наталија Карова од 6 одд. втора награда во категоријата: Стихување; Сандра Костадинова и Наталија Карова од 6одд. трета награда во категоријата: Пишување поезија;Наталија Карова од 6 одд. втора награда во категоријата: Кловнијада.



На 44. Детски поетски фестивал „Мајски цвет 2018“ одржан во просториите на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани, ученичката Мартина Мартинa Пулковска од 8 одд. освои трета награда со песната „Мечти без граница“. На 51. Поетската манифестација „Детски Рацинови средби“ која се одржа на 06.11.2018 година во Велес ученичката Сандра Костадинова од 7 одд. ја освои третата награда со песната „Рацин вчера, денес и утре“. Во периодот од 24.10.2018 до 19.12.2018 година беше реализиран Меѓународен интеркултурален проект „Волшебна мрежа на пријателство“. Во проектот зеде учество нашето училиште со 9 ученици од 9 одд. под менторство на наставничката Гордана Јефтимова, а ликовните изработки беа изработени од членовите на Ликовната секција на наставничката Радмила Едровска. Во периодот од 11 јануари до 31 март 2019 година беше реализиран Меѓународен интеркутурален проект „Вложи во твоите соништа“. Во проектот учествуваше нашето училиште со 40 ученици од 7 и 9 одд.

Ментор:
Гордана Јефтимова






На Меѓународниот уметнички конкурс „Уметноста-наша инспирација“ распишан од академија ЕУРОАРТ, ученичката Илина Донева од 6 одд. доби Пофалница за песната „Фолклорот-мојата љубов“ под менторство на наставничката Сања Атанасовска. На 9. Меѓународен конкурс за поезија и краток расказ „Трифун Димич“ во организација на Сцена на сите креативци од Нови Сад , Р.Србија, ученичките Илина Донева од 6 одд. и Тамара Трифунова од 8 одд. освоија трета награда во категоријата поезија за основци под менторство на наставничката Сања Атанасовска.На 10. Меѓународен конкурс за поезија и проза „Магда Симин“ распишан од Сцена на сите креативци од Нови Сад, Р.Србија, ученичките Илина Донева од 6 одд., Емилија Станојкова од 6 одд. и Тамара Трифунова од 8 одд. освоија втора награда, а ученикот Бојан Поповски освои прва награда во категоријата поезија за основци под менторство на наставничката Сања Атанасовска.На литературниот конкурс „ Ракатки 2019 “ творбата на Илина Донева од 6 одд. е наградена со прво место под менторство на наставничката Сања Атанасовска.На литературниот конкурс распишан од Републичкото здружение на децата бегалци и нивните потомци „Т`га за Југ“, ученичката Илина Донева од 6 одд. доби Пофалница за нејзината песна под менторство на наставничката Сања Атанасовска.



Ментор: Сања Атанасовска

# РЕЗУЛТАТИ ОД АКТИВНОСТИТЕ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

На 11. Меѓународен фестивал за песни и раскази „Михаил Бабинка“ распишан од Сцена на сите креативци, Нови Сад, Р Србија, втора награда освоија учениците: Сандра Настеска од 6 одд. и Викторија Постолова од 9 одд. Додека трета награда освоија Матеј Арсов и Ива Прошева од 9 одд. На 10. Меѓународен фестивал за песни и раскази „Јанош Сивери“ распишан од Сцена на сите креативци, Нови Сад, Р Србија, втора награда освоија учениците Петар Сандански, Натали Веселинова и Верица Карова од 9 одд.На 2. Меѓународен фестивал за песни и раскази „Живко Стојановски“ распишан од Сцена на сите креативци, Нови Сад, Р Србија, втора награда освои ученичката Викторија Постолова од 9одд..Поетска манифестација за деца и млади ,,Пролет на сребрените соништа,, - Радовиш 2019,со награда се закити ученичката Викторија Постолова од 9 одделение.



Ментор: Љупка Стојменова

## УСПЕХ

. . . . . .. Успех претставува поим кој што секој поединец го сфаќа на различен начин.Според некои луѓе, успехот го претставува среќното семејство, за други - душевниот мир, вистинските пријатели, а пак за некои успехот го претставува материјалното богатство. Според мене, успехот претставува баланс меѓу овие работи со што поединецот ќе си овозможи финансиска слобода, но ќе поминува и драгоцено време со своите пријатели и неговото семејство.

Колку и да звучи клише, неизбежен сегмент во патот кон успехот е читањето на книги. Со читањето на книги не само што се збогатува вокабуларот, туку и тие содржат многу совети, поуки и одговори кои што можат да го подобрат животот на поединецот во секој негов сегмент. Искажувањето на своите филозофии, мисли, совети, проблеми и нивно решение во писмена форма доаѓа уште од многу одамна со што претставува извор на безброј знаења. Физичката активност исто така е од огромно значење кон поставувањето на темелите за водење на продуктивен и успешен живот и исто така е еден од чекорите за создавање на душевен мир кој што е неопходен за истите. Заедно со физичката активност доаѓа и здравата исхрана, а комбинацијата на овие две нешта ги практикувале и древните мислители со цел да ослободат што е можно поголем потенцијал на нивните мозоци кои што го промениле животот на човекот. Повеќето луѓе си велат дека немаат доволно време за воспоставување на душевен мир, но тоа е исто како да го возите вашиот автомобил и да не застанувате да наполните гориво бидејќи сте зафатени возејќи го истиот.

Една од најважните, ако не и најважна алка од успехот, е следењето на своите соништа. Секој човек е роден со цел и секој човек има огромни потенцијали за да го промени својот живот, а и животот на целата популација. Понекогаш следењето на соништата бара ризик, како што е напуштање на сегашната работа, но сето тоа е со цел да направиме нешто повеќе со нашите животи. Како што рекол Норман Казинз: ,,Најголемата трагедија на животот не е смртта, туку она што дозволуваме да згасне во нас додека живееме“. Смртта може да ве убие еднаш, но фактот дека во вас згаснал потенцијал кој што можел да ви обезбеди подобар живот на вас и заедницата ќе ве убива секој момент кога ќе помислите на тоа.

Никогаш не се откажувајте од нешто бидејќи постои ризик во него, само работете вредно и усовршувајте се самите себе со што ќе си обезбедите подобар живот на материјално и духовно ниво. Запомнете, едно утро кога ќе се разбудете и ќе сфатите дека зад вас останале седумдесет години, вие нема да се каете за работите во кои што не сте успеале, туку ќе се каете за работите кои што не сте ги пробале, а можеле да го променат вашиот живот. . . ..

Матеј Арсов 9-2 одделение
Ментор: Љупка Стојменова

## Мечти без граница

Зар е птица ако е затворена во кафез?
Зар е куќа ако во нема нема луѓе?
Зар е славеј ако останал без глас?
Зар сум дете ако немам мечти јас?
Птицата е создадена слободно да лета,
куќата е изградена да биде полна со луѓе,
славејот е надарен да пее песна мила,
јас сум родена со мечти на самовила.
Учам од минатото, сонувам за иднината,
цврсто чекорам по патот на сегашноста,
не се откажувам од предизвиците лесно,
храбро се борам и тогаш кога сум во тесно.
Уживам во секој миг од моето детство
босонога трчам по пеперугите шарени
често во детските игри избива караница но, за мене небото нема никаква граница.



Понекогаш паѓам на прашливиот пат
или берејќи ружи наидувам на остри трње,
тогаш стиснувам заби да не пуштам глас
си велам во себе: „Можам! Силна сум јас!“
Од ден на ден, станувам посилна од карпа,
поцврста од челик и поостра од меч
без страв секогаш да се одбранам морам
кон победи насочена сум да се борам.
Го отворам кафезот каде има птица
Таа има право слободно да лета
Ги отворам портите на куќата празна
Доволно време издржуваше тешка казна.
Му помагам на славејот да отпушти глас
Нека летне на гранка, нека запее со страст.
Ги ослободувам детските мечти во овој час,
За мир и човечност, вечен борец ќе сум јас.

Мартина Пулковска 9 – 3 одд.
(трета награда на Поетскиот фестивал „Мајски цвет 2018“)
ментор: Гордана Јефтимова

## Зар не е љубов...

Зар не е љубов некој да се сака?
Зар љубовта не доаѓа туку така?
Зар не е љубовта од животот појака?
Зар не е љубов,
кога некој црвена порака ти праќа?
Зар не е љубов,
кога на твојата љубов
со љубов возвраќа?
Додека имаш кого да чекаш,
и кој да те чека,
зарем љубов тоа не е?
Кога подаваш рака
и во среќа и во мака,
кога со поглед го бараш
оној што го сакаш,
зарем љубов тоа не е?
Ако љубовта не е
и горчина и сладост
и солза и радост
и болка и среќа
и насмевка и тага,
тогаш љубов што е?

Викторија Постолова, 9-2 одд.
ОУ „Никола Карев“, Кочани
Ментор: Љупка Стојменова

## КЛУЧОТ НА УСПЕХОТ

Постојано се прашувам:
Каде клучот на успехот се крие?
Дали се прашувате и вие?
На таа тема размислувам често
и да го пронајдам одговорот
се трудам вешто.
Оваа желба со денови ме води
и така размислувајќи
една мисла во мене се роди.
Клучот на успехот
знам каде се крие,
во хуманоста, слогата и знаењето,
ете, таму клучот на успехот спие.
Да бидеме хумани,
на секој што му треба помош
да му подадеме рака,
да знае дека и него некој го сака .
Со сите да бидеме сложни
да нема никакви делби,
секој со секого да се дружи
и раце да си пружи.
Тогаш посилни и посреќни
ќе бидеме сите
и многу поубаво
ќе ни минуваат дните.

Илина Донева VI-1 одд
Ментор: Сања Атанасовска

# СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

- За Учество на машка и женска екипа составена од ученици од 6 и 7 одделение на регионалните натпревари во футсал.
- Учество на училишните екипи во ракомет, кошарка и фудбал на натпреварите организирани од страна на СУС Кочани.





- Од проектот,,ФУДБАЛ во училишта- фудбал сега, фудбал насекаде,,  со учениците од 2 до 5 одделение.t












Училишен
ГЛАС


Училишен
ГЛАС
ОУ „Никола Карев" - некогаш и сега
Педагошко -психолошка служба
Од активностите на училишните секции
Поетски надежи
Наградени творби во Египет
НИКОЛА КАРЕВ 1877-1905


Училишен
ГЛАС
Се гради спортската сала
Од историјата на училиштето
Од активностите на училишните секции
Поетски надежи
Ликовна изложба на Елица Досева и Марија Дончева


Училишен
ГЛАС
Бесплатен примерок
година IV, број 4 април 2013
40 ГОДИНИ ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА СЛУЖБА
ЕКО РАБОТИЛНИЦА
НОВА СПОРТСКА САЛА
УСАИД СО НОВ ПРОЕКТ


Училишен
ГЛАС
Бесплатен примерок
година V, број 5 април 2014
ОД РАБОТАТА НА ПСИХОЛОШКО -ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА
НОВА ФАСАДА И ВТОР ВЛЕЗ ВО УЧИЛИШТЕТО
ПЛОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ


Училишен
ГЛАС
Бесплатен примерок
година VI, број 6 април 2015
СОРАБОТКА СО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ЦЕТИЊЕ И ФОРИНО
ОД РАБОТАТА НА ПСИХОЛОШКО -ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА
ПЛОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ


Училишен
ГЛАС
Бесплатен примерок
година VII, број 7 април 2016
ОД РАБОТАТА НА ПЕДАГОШКО ПСИХОЛОШКАТА СЛУЖБА
МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО
МЕЃУНАРОДЕН УСПЕХ ВО ТРСТ - ИТАЛИЈА


Училишен
ГЛАС
Бесплатен примерок
година VIII, број 8 април 2017
УСПЕСИ КОИ ОБВРЗУВААТ
И ТИЕ СЕ ДЕЛ ОД НАШАТА ИСТОРИЈА
НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ВО ИТАЛИЈА
ПРВИ МЕСТА ЗА ЕКИПИТЕ ВО ФУТСАЛ И КОШАРКА


Училишен
ГЛАС